Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по македонски јазик за учениците од другите заедници за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам, пречки во психичкиот развој и мултихендикеп во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ, ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ И МУЛТИХЕНДИКЕП

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК
# за учениците од другите заедници

VIII ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2014

## 1.ВОВЕД

Наставата по македонски јазик на учениците им овозможува да развиваат интерес за запознавање и применување на македонскиот јазик како средство за комуникација, за учење, за уметничко изразување во средината во која растат и живеат. Преку наставата по македонски јазик се развиваат способностите за слушање, читање, пишување, усно и писмено изразување, сфаќање, доживување и толкување како на јазикот така и на литературните текстови.

Овој наставен предмет создава основа за стекнување знаења и од други наставни предмети затоа што преку практиката на воспитно-образовната работа по овој предмет се оперира со интегрално поврзаните процеси: мислење- говор-читање со разбирање. Со примена на интегрално поврзаните процеси во наставата по предметот македонски јазик учениците стекнуваат способности да ги користат содржините од останатите наставни предмети кои ги изучуваат.

Учениците преку оваа настава ќе се запознаат со структурата и системот на македонскиот стандарден јазик и на сите нивоа ќе ја усвојуваат и ќе ја применуваат стандарднојазичната норма (фонетско-фонолошка, морфолошка, синтаксичка, лексичка, правописна и ортоепска).

Според наставниот план за предметот македонски јазик за заедниците во VIII одделение се планирани по 3 часа неделно, односно 108 наставни часа годишно.
Наставниот предмет македонски јазик во наставниот план има статус на задолжителен наставен предмет.

## 2. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката да:

- се оспособи за усно и писмено изразување;
- го збогати својот речник;
- усвои поими, содржини и правила од граматиката, правоговорот и правописот на македонскиот литературен јазик;
- ја запознае функцијата на зборовите и нивната примена во усното и писменото изразување;
- се поттикнува да чита и анализира текстови од уметничка и народна литература соодветна на возраста;
- препознае книжевни дела соодветно на возраста применувајќи ги основните теоретски поими (строфа, стих, рима, лик, дејство);
- препознае разни форми на писмено изразување (креативни текстови; текстови за практична намена);
- се поттикне да користи книги и друг вид литература од библиотеките и од други извори;
- се запознае со литературни, сценски, филмски и друг вид медиумски остварувања;
- комуницира на македонски јазик во конкретен контекст и користи литература напишана на македонски јазик;
- се запознае со историските, културните и литературните достигнувања на македонскиот народ;
- се оспособи за продолжување на образованието на македонски јазик;
- се оспособи за комуникација на македонски јазик;
- развива свест за значењето на мирот, толеранцијата и соработката меѓу луѓето од различни култури.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката да:

- се оспособи за правопис и правоговор на согласите и самогласките;
- разликува зборови и категории кај видовите зборови;
- го проширува знаењето за видовите зборови: именки, придавки, глаголи;
- усвојува поими и правила од граматиката, правописот и правоговорот на македонскиот стандарден јазик;
- користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- се оспособува за пишување текст;
- користи граматички и правописни норми при читањето и пишувањето;
- го збогатува речникот со нови зборови;
- развива чувство на припадност кон својата и почит кон другите култури;
- се оспособи за усно и писмено раскажување и прераскажување текст;
- следи информација од различни медиуми и да пренесува кратки информации;
- може вербално да репродуцира зборови и едноставни јазични искази;
- се оспособи да применува ИКТ во наставата;
- се здобие со основни информации од театарската и филмската уметност;
- ја коригира и усовршува артикулацијата на гласовите во македонскиот јазик (во зборови и реченици).

4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката да:<br><br>- се запознае со поимот акцент;<br>- добие претстава за правилното акцентирање;<br>- се поттикнува на правилно акцентирање;<br><br>-ги препознае граматичките категории кај глаголите – категорија време;<br>-препознавање форми на глаголот за изразување на дејства кои се случуваат во моментот на зборувањето, пред моментот на зборувањето или по моментот на зборувањето;<br><br>- ги препознава прилозите во реченицата;<br><br>- ги препознава предлозите во реченицата;<br>- ги препознава сврзниците во реченицата; | Акцент<br><br>Глаголи<br>Граматичка категорија време<br><br>Прилози<br><br>Предлози<br><br>Сврзници | Акцент<br><br>Глаголи<br>Граматичка категорија време кај глаголите<br><br>Прилози<br><br>Предлози<br><br>Сврзници | Со помош на наставникот се чита текст во кој има двосложни и тросложни зборови. Учениците го обележуваат акцентот кај зборовите.<br>Истовремено, се поттикнуваат и за самостојно обележување акцент. Вежби со правилен изговор.<br>Користење на ИКТ - учење нови зборови од интернет статија.<br>Вежби со правоговор.<br>Вежби со препознавање на глаголите во реченицата: барање на работата, дејството во реченицата. Прашања за тоа кога се одвивало дејството, се одвива или ќе се одвива.<br>Вежби со препознавање на глаголите во сегашност, минатост и идност. Практични примери. Денес одам на кино. Вчера бев на кино. Утре ќе одам на кино.<br><br>Вежби со препознавање на прилозите во реченицата. Пр: Книгата ја ставив на масата.<br>Кате живее горе, а Маја долу.<br>Вчера купив три нови маици. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознаат со поделбата на реченицата според составот;<br>- да се поттикнуваат на пронаоѓање на прирокот/прироците во реченицата;<br>- да се запознае со сложената реченица (видови);<br>- да се запознае со независносложените реченици (составни, спротивни, разделни, исклучни и заклучни)<br>- да се запознае со лексичкото значење на зборовите,<br>- да се запознае со интернационализми;<br>- да се поттикнува на правопис и правоговор. | Сложена реченица<br>Независносложени реченици-во преглед<br><br>Лексичко значење на зборовите<br><br>Правопис и правоговор | Сложена реченица<br><br>(Составни<br>Спротивни<br>Разделни<br>Исклучни<br>Заклучни)<br><br>Интернационализми | Утре ќе одиме на кино.<br>Вежби со препознавање на сврзниците. Работа во парови: Учениците добиваат текст во кој нема сврзници. Ги добиваат и сврзниците кои треба да ги искористат( пр. Во, на со, зад, до ). Го надополнуваат текстот со правилно распоредување на сврзниците.<br>Работа во парови: едните ги бараат речениците со еден, а другите со два и повеќе прироци.<br>Читање на различни видови независносложени реченици, разговор за нив и нивниот состав.Примери од секојдневниот живот.<br>Вежби со примери во кои се користат интернационализми. Од избрани текстови се пронаоѓаат зборови од странската лексика и се толкува нивното значење.Наставникот ги избира и потенцира зборовите за кои сака да поведе разговор.<br>Вежби со правилно изразување и пишување. Корекција на говорот.<br>Аудио вежби |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ ЛИТЕРАТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката да:**<br><br>- се запознае со лирските песни ( видови);<br>- се запознае со елегии;<br>- се запознае со лирско-епските песни (видови);<br>- се запознае со романсата; | <br><br>Лирски песни<br><br>Лирско-епски песни | <br><br>Елегии<br><br>Романси | <br><br>Аудио и видео интерпретации на лирски песни.<br>Вежби со препознавање на лирскиот вид.( прашања: во кој дел од песната се согледуваат елементите на лирика, а во кој дел на епика).<br>Интерпретативно читање со стимулации и ритмички вежби. |
| - се оспособи за препознавање стилски фигури;<br>- се поттикне за создавање уметничка творба; | Стилски фигури | Рефрен<br>Компарација | Вежби со препознавање стилски фигури.<br>Интерпретативно читање со акцент на стилските фигури.<br>Работа во групи: создавање стихови со стилски изразни средства. |
| - се запознае со основните карактеристики на романот;<br>- се запознае со основните карактеристики на расказот;<br>- се запознае со карактеристиките на драмскиот вид трагедија наспрема | Роман<br>Расказ<br>(кога и каде се случува дејството во наративниот текст)<br>Драма | <br><br><br><br><br>Роман | Во училишната библиотека се запознаваат со повеќе романи од македонската современа литературна продукција.<br>Истовремено пронаоѓаат и збирки со |

| | | | |
|---|---|---|---|
| драмскиот вид комедија;<br><br>- да се оспособи за правилно усно и писмено прераскажување | | Расказ<br><br>Драмски текст | раскази од македонски автори.<br>Вежби за правилно усно и писмено изразување.<br>Вежби со определување на драмскиот вид: трагедија/комедија. Учениците со помош читаат куси драмски текстови од двата вида и препознаваат кој текст е трагедија, а кој комедија.<br>Корелација со ликовно образование ( цртање тажни наспрема весели ликови) Читање по улоги.<br><br>Посета на театарска претстава.<br>Видео записи на драмски творби. Разговор за нејзиниот вид. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученико/ученичката да:**<br>- да се оспособи за самостојно пишување<br><br>- да се оспособи за правилно опишување на лица, предмети, настани<br><br>- да се оспособи за правилно изразување<br><br>- да се запознае со правилата на пишување молба, пријава | Писмено изразување | Опишување<br>Молба<br>Пријава | Вежби за водење импровизирани разговори во различни животни ситуации (во автобус, во продавница итн.<br>Вежби: именување лица, животни, предмети, објекти, одредени состојби по дадени слики.<br>Вежби со опис на нешто ним блиско.<br>Вежби - прашања-одговори.<br>Вежби: за опишување и пишување.Пр. на учениците им се дава подготвен текст(урнек) во кој ќе дополнуваат.<br>Согласно добиените насоки за пишување, учениците индивидуално изработуваат вежби.<br>Говорни вежби. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката да:**<br>-да го препознава филмот<br>-да се запознае со сценариото за филмот<br>- да ги пронаоѓа главните и споредните актери во филмот | Филм<br>Сценарио<br>Главни и споредни ликови во филмот | Сценарио<br><br>Главни и споредни ликови | Филмови-следење исечоци.<br><br>Вежби: разговор за некој гледан филм. Анализа на дејството. Пронаоѓање главни и споредни ликови.<br><br>Посета на кино претстава. Разговор за гледаниот филм ( време, дејство, ликови). |

## 5**.** КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ

Учениците со аутизам манифестираат доцнења во развојот на говорот и јазикот. Кај нив поголеми се предизвиците на полето на социјалната комуникација и интеракција (имаат проблеми со започнување и/или спонтано одвивање на конверзацијата). Тие може да реагираат и/или да одговараат на одредени информации и налози на многу невообичаени, несоодветни, специфични начини. Карактеристично за некои од нив е дека без некоја причина во одредени ситуации реагираат агресивно и автоагресивно.

Карактеристика за нив е што многу често инсистираат на едноличност, монотоност и стереотипност во однесувањето. Многу често пружаат отпор на воведувањето на евентуални промени од кава било природа. Учениците се соочуваат со тешкотии во искажувањето на сопствените потреби, желби, намери и сл. Специфика на нивното однесување, исто така, претставува постојано повторување на одредени зборови и фрази (ехолалија), како и повторување на одредени движење (ехопраксија). Тие претпочитаат да бидат сами, но и кога во нивното окружување има други лица се однесуваат резервирано (повлечено). Кај нив се јавуваат сериозни проблеми кога

треба да се дружат со други лица (иако се присутни во иста просторија со нив тие се однесуваат како да не ги забележуваат, како да се потполно сами во просторијата). Манифестацијата на лошо расположение, настапите на лутина и гнев без видливи причини се, исто така, карактеристични за учениците со аутизам.

Ученикот со аутизам не сака близок контакт. Воопшто, нечија близина, особено на лица кои не ги познава или не ги прифаќа делуваат вознемирувачки и скоро секогаш се проследени со специфични манифестации.

Тие малку или воопшто не воспоставуваат контакт со очите со соговорникот или останатите присутни во окружувањето. Голем број од овие ученици опсесивно се врзуваат за одреден предмет, кој може постојано да им е во рацете.

Многу специфично се однесуваат при манифестирање на болката. Така на пример, тие манифестираат хипер или хипо- сензитивност на болка без видливи причини за таков вид реакција. Тие немаат или не манифестираат чувство за опасност дури и во моменти кога постои сериозна опасност.

Изразената хипо или хиперактивност е, исто така, нивна карактеристика.,Најголем број од нив имаат развиена фина моторика. Во одредени ситуации се однесуваат како да се глуви и покрај тоа што аудиограмите не покажуваат редукција на слухот. Генерално, проблемите во воспоставувањето на вербалната и невербалната комуникација и социјалните односи воопшто претставуваат голема бариера и тешкотија. Кога говориме за вниманието, велиме дека нивното внимание е лабилно и краткотрајно, што, секако, претставува проблем кој го отежнува воспоставувањето на контактите.

Овие ученици најчесто се насочени кон сопствените потреби. Тие се обидуваат на себе својствен начин да ги реализираат сопствените потреби, притоа користејќи ја невербалната комуникација.

Многу често се забележува моторен немир кој се манифестира на за нив својствен начин изразен преку различни видови стереотипни движења (трчање во круг, постојано вртење околу сопствената оска, лулање на телото, плескање со рацете, повторување на зборови). На овие манифестации треба да се гледа како на секундарни симптоми на нивната специфична состојба. Главниот проблем треба да се лоцира во сферата на разбирањето и користењето на реципрочните интеракции. Претходно наведените манифестации во однесувањето не треба да значат дека тие не се нежни, или дека воопшто не можат да воспостават комуникација со останатите и /или дека доцнат во развојот на социјалните вештини.

Имено, тие имаат потешкотии со различните интеракции (давање и земање во вистинска смисла на зборот, како стил и форма на комуникација со другите). Природата на проблемите и потешкотиите се забележува и во интерактивните игри со врсниците. При обидите за воспоставување каков било вид комуникација тие не реагираат воопшто или реагираат несоодветно на одредена ситуација. Карактеристично за нив е дека се ,,вклучуваат во светот” само тогаш кога нешто им е потребно. Затоа, треба да се искористи секој таков момент затоа што во тој момент го забележуваат соговорникот со што се отвора можност за комуникација.

Тие манифестираат огромен распон на вниманието за повеќе видови активности. Може истовремено да бидат заинтригирани со повеќе различни активности, но, исто така, може да поминат долг временски период фокусирани на една многу едноставна активност.

Се случува спонатано или доколку се поттикнати да се вклучат во заедничка активност со другите ученици. и покрај тоа што се физички присутни во просторијата да не учествуваат активно, или пак воопшто да не воспоставуваат комуникација.

Кај овие ученици се јавуваат проблеми во извршување на задачите. Кај нив се случуваат епизоди на плачење или смеење без за тоа да постојат видливи причини.

Нивниот говор е сиромашен, монотон и често звучи како ехо(одек). Доколку одговорат на поставеното прашање тоа го прават на специфичен начин.

Карактеристично за овие ученици е што не прифаќаат и несоодветно одговараат на одредени стандардни методи на учење и поучување. Овие ученици најдобро напредуваат во ,,педагошки амбиент" кој е добро структуиран согласно нивните потреби. Покрај амбиентот, треба да му се понудат соодветни индивидуализирани програми со јасно дефинирани цели кои може да се модифицираат во зависност од неговите потреби и способности. Заради хетерогеноста на причините и манифестациите за овие ученици не постои пристап или систем кој би бил универзално ефикасен и добар за сите.

При изработката на индивидуалниот образовен план наставникот (во соработка со родителите) треба да се концентрира на оние области во кои врз основа на комплексната проценка ученикот успешно ќе ги реализира поставените цели. Акцентот при планирањето треба да биде на адекватното образование за секој ученик при што ќе се обезбеди оптимално развивање на вештините во сферата на социјалната партиципација и интеракција. Една од главните цели на наставникот треба да биде успешно вклучување и подобро прифаќање на секој ученик од околината што е од пресудно значење за нив.

Важни предуслови за вклучување на учениците со аутизм во воспитно-образовниот процес и успешно реализирање на истиот се: да им се обезбеди чувство на сигурност, чувство на доверба во наставникот, да им се обезбеди востановена шема во дневните активности, временска и просторна предвидливост и информираност за текот на планираните дневни активности; да им се обезбедат соодветни и едноставни вербални, акустички и визуелни информации, како и да се практикува активно и директивно воспоставување на комуникација со различни субјекти (со различна динамика и квалитет, а задачите (налозите) и нивната реализација да бидат планирани како куси, сукцесивни и едноставни чекори.

## 6. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ

Развојот на учениците со пречки во писхичкиот развој ги следи законитостите на развојот карактеристични за севкупната популација. Нивните физиолошки, социјални и емоционални потреби се како и на останатите врсници. Спецификите се јавуваат во темпото на развојот, кој најчесто е забавен. Времетраењето и карактеристиките на секоја од развојните фази е специфична за секој ученик.

Кај учениците со пречки во психичкиот развој се аспектирани степенот на интелигенција, квалитетот на перецепцијата, способностите за анализа и синтеза, мислењето, памтењето, вербалните способности, мотивацијата

, како и моторните и социјалните компетенции. Овие учениици се со сиромашен речник, недоволниот лексички фонд не им дозволува адекватно да ги изразат своите мисли и истовремено му го отежнува разбирањето на искажаното од страна на соговорникот. Во говорните ситуации често употребуваат многу воопштени, нејасни, неопределени и несоодветни зборови (исказите не се прецизни  или воопшто не се соодветни за предметите за кои говорат).

Тешкотии во ориентацијата во просторот претставува голем проблем при развивање на способностите за читање, пишување и извршувањето на математичките задачи. Тешкотиите при памтењето доаѓаат до израз во спориот процес на памтење и отсуството на примена на техниките на запамтување. Некои истражувања покажуваат дека и овие ученици можат да бидат успешни, доколку се исполнат одредени предуслови. Секоја нова содржина треба максимално да биде прилагодена на способностите на ученикот, адекватно дозирана со примена на соодветни и за ученикот интересни наставни средства. Неопходно е повеќе пати да се повторува на нови примери, со нови наставни средства и дидактички материјал. Дури на добро разбрана и усвоена содржина може да се градат нови педагошки барања. Се препорачува  изготвување индивидуализирани наставни ливчиња за повторување, утврдување и увежбување на одредени содржини. На краткотрајното задржување на вниманието на некоја содржина (флуктуирачко внимание), може да се влијае преку одредени методски постапки (развивање интерес на содржината кој вклучува едноставни и одредени задачи-налози, разбирливост на градивото кое му се презентира на ученикот, примена на таков дидактички материјал кој е инетересен, различен  и не е оптоварен со непотребни детали.

Подрачјето на перцептивниот развој вклучува низа компоненти како основа за успешно учење.Особено се значајни оние кои се одговорни за аудитивната, визуелната, тактилната и кинестетичката перцепција т.е интерпретацијата на околината од страна на ученикот на споменатите подрачја. Додека во перципирањето секогаш е присутна сензорната дразба на тоа што ќе перципираме влијае состојбата во која се наоѓаме, претходното искуство кое го поседуваме, па според тоа перципирањето не претставува само пасивно регистрирање на дразбите кои делуваат на нашите осетни органи. Предуслов е инатактното сензорно функционирање. Испитувањата покажуваат дека освен тешкотиите во перципирањето во едно осетно подрачје, кај нив може да се јават тешкотии во интеграцијата на информациите од повеќе сензорни подрачја ,како и тешкотијата во селективната детекција кои се однесуваат на перцепциите на релевантните карактеристики на дразбата.

Овие ученици најчесто учат по пат на имитации, затоа наставникот треба да биде во улога на модел кој учениците ќе го имитираат.

Учењето нови содржини треба да претставува надградување врз претходното знаење (секојдневните искуства) на учениците. Во таков педагошки дијалог учениците можат да ги покажат сопствените знаења и вештини и активно да партиципираат во текот на часот. Преку педагошкиот дијалог наставникот формира јасна претстава за нивото на усвоеност на одредени содржини и вештини.

При планирањето наставникот треба да го почитува принципот на функционално учење, наученото на часот да биде практично применливо во секојдневното живеење. Тоа ќе биде дополнителен мотив за учениците побрзо и поуспешно да учат. Учениците ќе бидат мотивирани, а интересот за учење ќе биде голем доколку наставната содржина е презентирана во вид на приказна, со стил близок и разбирлив за учениците. Треба да се избегнува

оптоварување со фактографски податоци кои се речиси неупотребливи за оваа популација. Учениците треба да се постојано ангажирани, и, истовремено задоволни, а наставникот дискретно треба да ги има сите во фокус и, секако, да се обидува да одговори на нивните специфични потреби и афинитети.

## 7. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма по предметот македонски јазик овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: ликовно образование, музичко образование и физичко и здравствено образование:при сфаќање на односот меѓу предметите и зборовите, со претставување преку цртежи на настани и ликови од книжевни текстови, со музички стимулации и ритмички вежби како и вежби за правилно дишење.

Во севкупното планирање на содржините на наставниот предмет македонски јазик треба да се вклучуваат и планирања кои се поврзани со вреднување на постигањата на учениците за време на реализацијата на наставната програма и на крај од определени образовни периоди. Тоа подразбира дека вреднувањето треба да е дел и од дневните, тематските и од глобалните планирања на наставниот процес.

Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја. При одредувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид индивидвидуалните способности на учениците, како и специфичностите на условите за изведување на оваа настава во училиштето. Во планирањето на наставната програма треба да се води сметка за различното тежинско ниво на програмските содржини во рамките на програмата што се извлекува од поставеноста на целите што треба да е основа на планирањето на наставниот процес. Во планирањето, исто така, како појдовна основа треба да е и поставеноста на наставната содржина, потребниот временски рок за реализација на истата, како и нивото на постигања на поставените цели. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.

Фондот на часови  по наставниот предмет изнесува 108 часа годишно, 3 часа неделно.

**Наставни средства:**

-учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
-енциклопедии, речници и сл.;
-Интернет, образовни софтвери;
-списанија;
-визуелни средства и други средства, ДВД-плеер и др.;
-други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, медиотеки, кина, театри, нациналнипаркови итн.

## 8. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

### ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување на предзнаењата на учениците со цел да се запознае со знаењата кои ги имаат учениците и истото да го искоисти во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Дијагностичкото проверување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти како што се: усни прашања подготвени од наставникот, усни прашања подготвени од учениците, пишување кратки состави, разговор.

Добиените одговори се слика на ученичките предзнаења во најширока смисла на зборот и претставуваат основа за планирањата за реализација на наставната програма и процесот на оценување во текот на наставната година.

### ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ

Во текот на наставата по македонски јазик во осмо одделение се препорачува формативно следење кое ќе овозможи формирање на објективни описи како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период. Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да го реализира со користење на соодветни методи и постапки:

- разговори наставник/ученик;
- презентации;
- вежби;
- домашни работи;
- портфолио-собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно.

Портфолиото треба во текот на целата година да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик

Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

Добиените резултати од следењето на постигањата на учениците овозможуваат креирање на планираните усни и пишани повратни информации кои се наменети за учениците, за родителите и за самите наставници. На крајот од секое тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно

оценување од чиишто резултати се оформуваат тримесечните вреднувања за постигањата на учениците.

## СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето, проверката на постигањата на учениците во текот на реализацијата на Наставната програма наставникот ја констатира развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

Од формативните оценувања произлегува сумативната оценка. Наставникот раководејќи се од поставените нивоа на постигања во тек на определени временски периоди за секој ученик посебно на крајот на учебната година внесува соодветни нумерички оценки.

## ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за VIII одделение и за наставните средства за VIII одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по македонски јазик во осмо одделение може да ја изведува лице кое завршило:
Филолошки (порано Филозофски факултет):
-студиска група за македонски јазик и македонска книжевност;
-студиска група за македонски јазик и книжевност;
-студиска група за македонска книжевност и јужнословенски книжевности(порано книжевности нанародите на СФРЈ);
-студиска група за општа и компаративна книжевност - наставна насока,
-студиска група за општа и компаративна книжевност - друга насока, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет;
-двопредметни студии по македонки јазик и англиски јазик, македонски и француски јазик, македонски јазик и германски јазик;
-покрај соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет наставниот кадар треба да се здобие и со дополнителна дефектолошка дообразба на соодветен факултет;
- дипломиран дефектолог.
Доколку на објавениот оглас не конкурирало лице со стекнато образовение од горенаведените студиски групи, настава може да изведува и лице кое завршило:
-македонски јазик како втор главен предмет-наставна насока.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставната програма по македонски јазик за учениците од другите заедници за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам, пречки во психичкиот развој и мултихендикеп во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за девтегодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр.11-15758/1
01.10.2014 година

Министер

____________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Марина Д. Ѓоргиевска, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор